МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 12 став (5) од Законот за квалитет на земјоделски производи, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10 и 53/11) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИ ИЗВЕШТАИ И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СКЛАДИРАНИТЕ ЖИТА И ОРИЗ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на обрасците за поднесување на месечни извештаи и годишен извештај за складираните жита и ориз.

## Член 2

Операторите со жита и ориз доставуваат месечни извештаи за држава на потекло, локација на извршен откуп, количини на преодни залихи од претходниот месец, преземени и испорачани количини, како и складирани количини на жита и ориз по видови, сорти и класи на образец кој е даден во Прилог 1 и е составен дел од овој правилник.

## Член 3

Операторите со жита и ориз доставуваат годишен извештај за локацијата на извршен откуп, количини на преодни залихи од претходниот месец, преземени и испорачани количини (откупени количини), како и складирани количини на жита и ориз по видови, сорти и класи и нивното потекло на образец кој е даден во Прилог 2 и е составен дел од овој правилник.

## Член 4

Одредбите од член 3 на овој правилник ќе отпочнат да се применуваат од 1 јули 2012 година.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“

Бр. 08-5767/11

19 јули 2011 годинаМинистер,

СкопјеЉупчо Димовски, с.р.

Прилог 1

Извештај за месец ____________________

Назив операторот_____________________

Седиште _____________________

Локација на силосот _____________________

Преземени и испорачани количини (во тони)

| Вид | (сорта/ хибирд) | Преземени количини (откупени и увезени) | | | | Испорачани количини (сомелени или олупени количини) | | | | Количина на преодни залихи пренесени од претходниот месец | Залихи на крај на месецот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I/екстра класа | II класа | III класа | Вкупно | I/екстра класа | II класа | III класа | Вкупно | | |
| Мека пченица | | | | | | | | | | | |
| Тврда пченица | | | | | | | | | | | |
| Пченка | | | | | | | | | | | |
| Рж | | | | | | | | | | | |
| Јачмен | | | | | | | | | | | |
| Овес | | | | | | | | | | | |
| Тритикале | | | | | | | | | | | |
| Оризова арпа | | | | | | | | | | | |
| Бел ориз | | | | | | | | | | | |

Прилог 2

Извештај за ________ година

Назив операторот____________________

Седиште _____________________

Локација на силосот _____________________

Преземени и испорачани количини (во тони)

| Вид | (сорта/ хибирд) | Преземени количини (откупени и увезени) | | | | Испорачани количини (сомелени или олупени количини) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I/екстра класа | II класа | III класа | Вкупно | I/екстра класа | II класа | III класа | Вкупно |
| Мека пченица | | | | | | | | | |
| Тврда пченица | | | | | | | | | |
| Пченка | | | | | | | | | |
| Рж | | | | | | | | | |
| Јачмен | | | | | | | | | |
| Овес | | | | | | | | | |
| Тритикале | | | | | | | | | |
| Оризова арпа | | | | | | | | | |
| Бел ориз | | | | | | | | | |